# Извештај за работата на Одржливи иницијативи Скопје во 2023 година

## Активности

### Столарска едукативна работилница за намалување на отпадот од мебел индустријата во Скопје

Проектот продолжи и во 2023 година. До крај на февруари 2023 имавме поддршка од програмата на ГЕФ ПМГ СМ, кога грантот заврши, а по што проектот продолжи да функционира како Столарска едукативна работилница, со поддршка од локалните компании: Фамод, Акрон, Пасворд продакшн, Про-дизајн, Бранимир компани, Југоимпекс, Монозеро, Сканда дизајн, Домо Софа, Дрвотекс, Блажич, Бибатерк, Инфини студио и Демаа арт.

Од февруари 2023 година се спроведе Работилница за изработка на украси од материјали од дрво, а во февруари започна и трета група Столарска едукативна работилница Откриј го столарот во себе.



Во март 2023 година учествувавме на Саемот на мебел во Скопје со наш штанд, каде ја промовиравме Столарската едукативна работилнициа, видеото кое го изработивме и во поддршка ни се приклучија: Астал масив, Индекор, Т-Е мебел, Конструкцион биро, Пела Милан, Виолет мебел и Урбан галери.

Во ноември 2023 година, учествувавме на Саемот на креативни индустрии одржан во Сити мол, а организиран од страна на Унијата на македонските професионални асоцијации на креативни индустрии.



Буџет: 51.314,00 УСД. Извор на финансирање: Глобален еколошки фонд Програма за мали грантови Северна Македонија (30.611,00 УСД).

**Здружение на граѓани**
**Центар за**
**одржливи иницијативи - Скопје**

## Човечки капацитети

| Човечки капацитет | |
|---|---|
| доброволци | членови |
| 12 | 18 |



## Избираме вело-општина - избираме климатска акција

Од Март до Август 2023 година спроведовме проект на Климатска акција во областа на промоција на велосипедите, во соработка со НаТочак, со цел да се оствари Зголемен притисок за климатска одговорност кај општините во Скопски плански регион преку воспоставување на награда за нај вело-општина.

Изработивме методологија за избор на највело општина и истата ја употребивме во Скопски плански регион.

Како највело општина се истакна Општина Центар, бидејќи освои вкупно 49 бодови од можни 100. Тоа ни укажува дека има уште простор за да се биде вистинска вело општина.

Покрај центар награди и признанија освоија и Општина Аеродром - награда од јавноста; Општина Илинден - Наградата за рурална општина со најголем исчекор; Општина Гази Баба - Најповрзувачка општина; Општина Петровец - Општина со најголем потенцијал.

Буџет: 360.000 МКД. Извор на финансирање: Владата на Шведска преку проектот „Граѓанските огранизации во акција за климатските промени" во реализација на „Еко-свест", МЗМП и ЦНВП Македонија.

## Млади лидери во руралниот туризам

Во соработка со Ума Сто, во периодот од јуни до ноември 2023 година, учествувавме во спроведување на проект за развој на рурален туризам.

Целта на проектот беше да се подобри економската состојба на младите и жените од селата Умин Дол и Ново Село и да се создадат можности за економски активности на младите и жените од селата Умин Дол и Ново Село

Во рамки на проектот спроведовме обуки за рурален туризам, за бизнис планирање, набавивме точаци за туристички активности и организиравме есенско пазарче.



Буџет: 615.000 МКД. Извор ЕУ, преку проектот „Потпри се на младите", спроведуван од "Македонска развојна фондација за претпријатија", „Рурална Коалиција", „Џуниор Ачивмент" и „ЕЛИТ-Здружение на жени менаџери Скопје".

## Финансии

Приходите кои ги оствари ЦОИ во текот на 2023 година беа пред се од донации, членарина.







